Врз основа на член 5, член 6, член 8 од Правилникот за критериумите за склучување на договори, утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средства и начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарна здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" број 224/2018) Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 17 декември 2018 година донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на износи кои се дел од пресметката за определување на квотите на организациона единица –аптека**

**Член 1**

1. Минимален износ по осигурено лице на ниво на подрачна служба, се утврдува во износ од 90 денари.
2. Максимална квота на организациона единица – аптеки, се утврдува во износ од 650.000 денари.
3. Максимален месечен износ на здравствена установа – аптека (правно лице), се утврдува во износ од 10% од вкупните месечни средства на Фондот наменети за определување и утврдување на квоти по организациони единици – аптеки.
4. Почетната квота за организациони единици – аптеки кои за прв пат склучуваат договор со Фондот, се утврдува во износ од 120.000,00 денари.
5. Почетната квота за организациони единици – аптеки: аптекарски станици, подвижни аптеки и рурални аптеки, кои за првпат склучуваат договор со Фондот, се утврдува во износ од 60.000,00 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 2019 година.

**Број: 02 -** 21252/3
18. 12. 2018 **година**
**С к о п ј е**

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател,**
**Верица Проковиќ**